# ОПШТИНА РАДОВИШ

Дел. Бр. 09-220/1
06.02 2025 год.

Врз основа на чл. 2, ст.4, ст.6, ст.7, ст.8 и ст. 9, чл. 21, чл. 22, чл.36, чл.50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник бр.5/ 2002), чл. 14, чл.15, чл.16, чл.17, чл.21, чл.43, чл.53 и чл.55 од Статутот на Општина Радовиш (Службен гласник на Општина Радовиш бр.07-765/1 /2002), Одлуката за усвојување на Програмата за локален развој за 2025 година, бр.08-1814/1 од 23.12.2024 година, Градоначалникот на Општина Радовиш, на ден 06.02.2025 година, донесува:

ОДЛУКА

За распишување на јавен оглас за прибирање на предлог проекти од јавен интерес за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните од областа на локален економски развој, заштита на животната средина, социјална кохезија, образование и култура од здруженија на граѓани и фондации од Општина Радовиш во согласност со стратешките и програмските документи на општината, финансирани од буџетот на Општина Радовиш за 2025 година.

Финансиските средства предвидени во буџетот на Општина Радовиш за 2025 година, ќе се доделуваат еднократно по доставен и одобрен предлог проект на здруженија на граѓани и фондации, според определени основни критериуми наведени во јавниот оглас за доделување на финансиски средства за поддршка на проекти на здруженија на граѓани.

Градоначалник на општина Радовиш

Ацо Ристов

Изработил: Верица Газепова